**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ, СКРИПТА СО НАСЛОВ “HISTORY OF BRITISH AND AMERICAN CULTURE AND CIVILIZATION“ ОД КОАВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ЕМИЛИЈА КУКУБАЈСКА, АСС. М-Р КРСТЕ ИЛИЕВ, АСС. М-Р НАТАЛИЈА ПОП ЗАРИЕВА, ПОМ. АСС. М-Р МАРИЈА КРСТЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 2402-186/11 од 24.12.2013 година, на својата 98. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на 24.12.2013 година, се избрани рецензенти:

– проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, УКИМ, Институт за фолклор, Скопје;
– доц. д-р Марија Кусевска,

за изготвување на рецензија на приложениот ракопис за интерно електронско издаваштво, скрипта со наслов “History of British and American Culture and Civilization“ од коавторите: доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, асс. м-р Крсте Илиев, асс. м-р Наталија Поп Зариева и пом. асс. м-р Марија Крстева, наменета за студентите од прв циклус студии за предметите: 1. Британска цивилизација и култура и 2. Американска цивилизација и култура, предавани на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик и литература, кампус Штип, кампус Радовиш и од 2013-2014 година кампус Прилеп, како и на УГД ФОН, како модул. По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот: Ракописот, скрипта, со наслов “History of British and American Culture and Civilization“ од коавторите: доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, асс. м-р Крсте Илиев, асс. м-р Наталија Поп Зариева и пом. асс. м-р Марија Крстева е скрипта на англиски јазик, компатибилна со Наставниот план и содржините на предметите од прв циклус студии. Предметите Британска цивилизација и култура и Американска цивилизација и култура се изучуваат на прв циклус студии, литературна и преведувачка насока, како изборни предмети на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во прв и втор семестар, со фонд на часови: 2+2+1 и 2+2+1, се вреднуваат со 6 кредити по предмет и (откако предметите не се повеќе задолжителни) со просечен број на студенти од околу 60. Скриптата ќе им служи и на студентите од втор циклус студии, обезбедувајќи дополнителни информации и концепти во изучување на предмети од втор циклус студии: 1. Англиска литература од почетоците до 17 век; 2. Американска постмодерна литература; 3. Англиска постмодерна литература и 4. Постколонијална литература, со по 2+2+1 фонд на часови и со по 8 кредити.

Податоци за обем на ракописот: Ракописот скрипта е напишан во А4 формат, фонт Times New Roman, големина 12. Текстот содржи 70 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на неговиот теоретски дел. Скриптата содржи по 12 лекции за британската и 12 лекции за американската цивилизација и култура, со библиографија составена од книги, статии и интернет страници релевантни за предметот.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов**:** До сега не е објавена ваква или слична рецензирана е-скрипта. Ракописот претставува труд кој дава преглед на историјата на британската и американска цивилизација и култура од нивните почетоци до денес. Ова е прва објавена скрипта кај нас која во едно издание вклучува и англиска и американска култура и цивилизација.

***Кус опис на содржината***

При изработка на скриптата "History of British and American Culture and Civilization" од коавторите: доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, асс. м-р Крсте Илиев, асс. м-р Наталија Поп Зариева и пом. асс. м-р Марија Крстева

ги имале предвид следниве цели: 1. Да ја организира и развива информираноста на студентите за историските настани и личности кои придонесле во развој на британската и американска цивилизација и култура, општество, државно уредување и научно-уметнички постигнувања; 2. Да ги подготви студентите да ги интерпетираат и анализираат настаните и личностите со дополнителен интердисциплинарен метод во својата наставна практика; 3. Да ги подготви студентите по англоамериканска цивилизација и култура да ја анализираат содржината споредувана со современи настани и личности; 4. Да го развие интересот на студентите кон интердисциплинарни проучувања на ставови.

Материјалот во скриптата ќе им помогне на студентите да разберат и толкуваат академски и наставно-научни ставови во толкување на цивилизацијата и културата. Преку организирани податоци оваа скрипта овозможува студентот да се стекне со критичка способност за согледување на суштинските настани и личности кои оставале клучен печат на општествено-социјалните, цивилизациско-културни и научни процеси во историска и денешна Британија и САД.

***Скриптата содржи вовед од коавторите, во 12 поглавја:***

***Британска цивилизација и култура:***

Неолит, келтски и римски период; 2. Ран среден век - населувањето на германските племиња и викиншките инвазии; 3. Доцен среден век - норманите, плантагенатите и стогодишната војна со Франција; 4. Тудори: Хенри VIII и Реформацијата , Елизабета I и Златното доба на Англија; 5. Стјуарти - промените и карактеристиките на стјуартите во однос на тудорите; 6. Комонвелтот, Кромвел и Реставрацијата - карактеристики и причини за воспоставувањето на Комонвелтотот; 7. 18 век - славната револуција од 1688, формирањето на Bank of England и ширењето на колониите; 8. 18 век - доба на моќ и опасност - губењето на американските колонии; 9. 19 век - доба на самодоверба - британската доминација во светот преку развој на индустријата; 10. 19 век - крај на една ера - почетокот на крајот на Британија како најголема светска сила; 11. 20 век - Британија во војна - Британија во првата и втората војна, улогата на В. Черчил и губење на колониите; 12. 20 век - доба на неизвесност - студената војна и реформите на Тачер.

Американска цивилизација и култура, во 12 поглавја:

Pre-Columbian America, European discoveries, colonization and development of the New World, America; 2. Revolutionary War (1775 - 1783) and the Constitution (1787); 3. Setting up the Government, the first president George Washington; 4. The wars: 1812, the Mexican war (1846-48), Spanish-American war (1898); 5. The Civil war (1861-65), The Emancipation Proclamation, Lincoln as president; 6. From agricultural to industrial society; 7. World War I, neutral US enters war, interwar period, F.D. Roosevelt; 8. WW II and its aftermath, the war with Japan; 9. WW II – the US in Europe and Africa; 10. Post WW II period – international cooperation, Civil Rights movement, space exploration; 11. Research analysis: US presidents and vice-presidents, Declaration of Independence; 12. Research analysis: The Constitution of the United States of America.

Во наведените поглавјата се дава анализа на британската и американска историја на цивилизацијата и културата; се наведуваат разликите во толкување на конзервативните и либералните промени; се даваат современи извори за истражување; се посочуваат објективни насоки на студентите за информирана интердисциплинарна анализа на англиската и американска цивилизација и култура.

Општа педагошка оценка на научните квалитети**:** Имајќи ги предвид гореизнесените факти, содржини и аргументи за издавање на скриптата "History of British and American Culture and Civilization изготвена од ко-авторите: доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, асс. м-р Крсте Илиев, асс. м-р Наталија Поп Зариева и пом. асс. м-р Марија Крстева, како и врз основа на содржинската структура на трудот, богатиот обем, современиот стил и јазик кој е застапен, соодветноста со содржината на студиската програма од прв и втор циклус

студии, соодветно селектираната содржина од САД и од Британија, како и потребата од вака функционално систематизирано претставување на содржините од двете изучувани земји и нивните цивилизации и општества, комисијата го предлага следниов

**З А К Л У Ч О К**

Скрипта со наслов “History of British and American Culture and Civilization“ од коавторите: доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, асс. м-р Крсте Илиев, асс. м-р Наталија Поп Зариева и пом. асс. м-р Марија Крстева претставува ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Квалитетот, содржината, обемот и прегледноста даваат можност за успешно следење и подготвување на теоретскиот дел (анализа и критика) на материјалот предвиден во наставната програма по предметите кои се предаваат од доцентот и наведените асистенти, на прв и втор циклус студии.

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на наведените предмети по литература застапени во втор циклус студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта, а според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип скриптата со наслов “History of British and American Culture and Civilization од коавторите: доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, асс. м-р Крсте Илиев, асс. м-р Наталија Поп Зариева и пом. асс. м-р Марија Крстева да се прифати за печатење како електронска скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска,**
**УКИМ, Инститит за фолклор, Скопје, с.р.**
**Доц. д-р Марија Кусевска, Филолошки факултет,**
**Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, с.р.**